

# КАРПОШ

## неделен Е - БИЛТЕН



**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ**
**1-8 јули 2024 Билтен бр. 566**

# ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА СПОРТОТ И ОБРАЗОВАНИЕТО

**Во амфитеатарот на Универзитетот Скопје, денеска Советот на Општина Карпош заседаваше по 50-ти пат, каде советниците расправаа и полноправно одлучуваа по 35 точки кои се најдоа на дневниот ред. Во таа насока, мнозинството на советници ги изгласаа точките од областа на спортот. Имено, Општина Карпош ќе ги награди професорите-тренери од основните училишта како и индивидуално прогласените ученици спортисти, за постигнатиот успех во училишните спортски игри – Карпош 2024 година. Со оваа одлука се утврдува доделување на парични награди од кои тројца професори – тренери по физичко и здравствено образование за освоено прво место на училишна екипа ќе добијат по 8.000 денари, тројца професори-тренери за освоено второ место ќе добијат по 6.000 денари, и тројца професори тренери за освоено трето место ќе добијат по 5.000 денари. Исто така, десет основци од Карпош кои се прогласени за најдобри спортисти во рамки на училишните игри, ќе добијат парична награда од Општината во висина од 6.000 денари.**

**Советот даде „зелено светло" и за Предлог – Одлуката со која Општина Карпош ќе и додели еднократна финансиска поддршка во висина од 100.000 денари на Македонската спортско качувачка федерација, која неодамна го организираше најголемиот натпревар во спортско качување „Атомска Мравка", во рамки на алпинистичката карпа близу кејот на реката Вардар.**

**Финансиски ќе бидат наградени и општинските административци од Карпош кои воедно се членови на Синдикатот, за постигнатиот успех – севкупен победник на 29-те синдикални спортски игри кои се одржаа минатиот месец во Охрид. Со одлука на Советот, Општина Карпош исто така ќе му додели еднократна финансиска поддршка во висина од 150.000 денари на фудбалскиот клуб „Карев", за организирање на спортски настан и ревијален натпревар по повод одбележување на роденденот на клубот.**

**Претставниците на Советот ги разгледуваа и дебатираа за трите Предлог – Одлуки од областа на образованието. Имено, Општина Карпош ќе им додели финансиски средства во висина од 20.000 денари поединечно на сите десет основни училишта на нејзина територија, за одбележување на 1. септември – Денот на првачињата. Со овие средства, основните училишта ќе организираат соодветна забавна програма и активности по повод приемот на првачињата.**

# ПРВО МЕСТО ПО ПРИРОДНИ НАУКИ ЗА МАРКО ОД „ПЕТАР ПОП АРСОВ"

**Петоодделенецот Марко Коцески од ООУ "Петар Поп Арсов", под менторство на наставничката Мирјана Патаракоска, го освои првото место на државниот натпревар по природни науки, кој се одржа на 15 јуни на Природно-математичкиот факултет во Скопје. Ова постигнување на Марко е плод на неговата посветеност и љубов кон природните и техничките науки и е континуитет на низата успеси во оваа и изминатите учебни години.**

**Имено, оваа година тој освои прво место и на регионалниот и општинскиот натпревар по природни науки, прво место на регионалниот и општинскиот натпревар по математика, како и златен медал на малата македонска математичка олимпијада, под менторство на наставничката Ана Гарванлиева. Покажа одлични резултати и на други национални и меѓународни натпревари по информатика и математика, освојувајќи максимален број на поени. Со своите резултати ,Марко во најдобро светло го претставува своето училиште Петар Поп Арсов како и Општината Карпош.**



ЛЕТУВАЊЕ ЗА НАЈДОБРИТЕ СПОРТИСТИ И ПРВЕНЦИ НА ГЕНЕРАЦИЈА ОД КАРПОШ



## ЦЕЛОСНО РЕКОНСТРУИРАН ВТОРИОТ ДЕЛ ОД УЛИЦАТА КОЗЛЕ 3 ВО НЕРЕЗИ

**се реализираше завршната фаза од целосната реконструкција на вториот дел од улицата Козле 3 во урбаната заедница Нерези. Оваа сообраќајница е во должина од 300 метри должина и пет метри ширина, а од буџетот на Општина Карпош, издвоени се 3.311.670,12 денари. Изведувач на градежните работи е Друштвото за градежништво, трговија и услуги, ,,Гама Градба" ДООЕЛ Скопје.**

**Во изминатиот период, локалната самоуправа издвои финансиски средства за асфалтирање и обновување на неколку краци од улици како и поголеми сообраќајници, со цел граѓаните на Карпош, да се движат по безбедни и реконструирани улици.**



# КОМПЛЕТНО ИСПЛАТЕНИ СТИПЕНДИИТЕ НА ТАЛЕНТИРАНИТЕ УЧЕНИЦИТЕ ОД 8 И 9 ОДД. ОД ОСНОВНИТЕ ОПШТИНСКИ УЧИЛИШТА

**Секоја година во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието се планира стипендирање на учениците од 8 и 9 одделение.**

**Ве информираме дека со завршување на учебната 2023/2024 година , Општина Карпош во целост ги исплати стипендиите на талентираните ученици од општинските основни училишта за учебната 2023/2024 година.**

**Исплатени се вкупно 3.161.166 денари на 32 ученици, од кои 23 ученици се добитници осуммесечна стипендија од прва категорија во висина на 3.000 денари и 9 ученици се добитниви на стипшендија од втора категорија во висина на 2.500 денари.**

**Општината Карпош и понатаму ќе го стимулира и ќе го развива талентот на учениците и ќе овозможува надградување во областите каде учениците покажуваат особени успеси.**

**При крајот на месец август Општина Карпош ќе објави Оглас за доделување на стипендии за талентитани ученици од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош за учебната 2024/2025 година .**

# ПОЈАСНУВАЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ КОИ ГИ ВОДАТ ОПШТИНСКИТЕ ИНПЕКТОРИ ОД КАРПОШТЕМПЕРАТУРИ

За да може поширокатa јавност полесно да ја разбере комплексноста на инспекциската постапка и времетраењето на истата, Општина Карпош го дава ова кусо објаснување на законската регулатива за поведување и водење на инспекциска постапка кај општинските инспектори.

Имено, инспекторите од локалната самоуправа постапуваат согласно нивните материјални закони како и согласно Законот за инспекциски надзор (Сл. Весник на РМ бр. 102/2019), каде што е детално регулирана инспекциската постапка. Според неа, општинските инспектори вршат редовен, вонреден и контролен инспекциски надзор.

Редовен инспекциски надзор е најавен надзор согласно месечниот план на инспекторот.
Вонреден инспекциски надзор е надзор по примена иницијатива за инспекциски надзор.
Контролен инспекциски надзор е надзор кој се врши кога е веќе почната инспекциска постапка, со кој се утврдува дали субјектот на надзор постапил по издадените акти на инспекторот (како што е опишано подолу)
Согласно Законот за инспекциски надзор, постапката кај општинските инспектори почнува со иницијатива за инспекциски надзор или по службена должност. По приемот на иницијативата за инспекциски надзор која странките ја поднесуваат во архивата на Општина Карпош (или по службена должност), инспекторот прави увид на лице место во присуство на субјектот на надзор, а доколку субјектот на надзор не е присутен на увидот, инспекторот испраќа покана за странката, и во нејзино присуство го составува записникот за извршен вонреден инспекциски надзор.

Оттука, субјектот на надзор има можност да го прими и потпише записникот со што го прифаќа истиот, или пак може да одбие да го прими и потпише записникот, при што инспекторот му го испраќа по пошта. Сето тоа се прави со цел записникот да биде уредно доставен, со што му се оставаат 8 (осум) дена на субјектот на надзор повторно да го потпише и да го врати потпишаниот записникот кај инспекторот или пак да стави забелешки на истиот.

**НАПОМЕНА:**

Доколку во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот, субјектот на надзор не го потпише или не стави забелешки на записникот и со самото тоа не го врати записникоткај инспекторот, ќе се смета дека истиот го прифатил записникот и инспекторот ќе пристапи кон носење на Решение за опомена кое е задолжително согласно Законот за инспекциски надзор.
Според утврдената процедура, Решението за опомена се доставува до странката најчесто по пошта или лично доколку е возможно, и од денот на приемот се определува рок во самото Решение за да се постапи по опомената. Најчесто тој рок е 8 (осум) дена, но може да биде и краток рок – одложува извршувањето на Решението.

Според утврдената процедура, Решението за опомена се доставува до странката најчесто по пошта или лично доколку  е возможно, и од денот на приемот се определува рок во самото Решение за да се постапи по опомената. Најчесто тој рок е 8 (осум) дена, но може да биде и краток рок – 1 (еден) ден како и подолг рок – 30 (триесет) дена. Субјектот на надзор има право на жалба против донесеното  Решение за опомена, но жалбата не го одложува извршувањето на Решението.

Доколку субјектот на надзор не постапи согласно Решението за опомена, инспекторот прави контролен надзор, составува Записник за извршен контролен инспекциски надзор и го доставува повторно до субејктот на надзорот. По уредно приемниот записник, инспекторот ја продолжува постапката со носење на Решение за задолжување, каде повторно определува рок за постапување исто како и кај Решението за опомена. Тој рок почнува да тече од денот на уредно применото Решение за задолжување. Субјектот на надзор има право на жалба против донесеното Решение за задолжување, но жалбата не го одложува извршувањето на Решението.

Доколку субјектот на надзор не постапи по Решението за задолжување, инспекторот повторно прави контролен надзор, составува Записник за извршен контролен инспекциски надзор и го доставува до субјектот на надзорот. По уредно приемниот записник за конторолен инспекциски надзор, инспекторот ја продолжува постапката со составување на налог за извршување и истиот го доставува до субјектот на надзор. Субјектот на надзор има право на жалба против донесениот налог за извршување, но жалбата не го одложува извршувањето на налогот.
Имајќи предвид дека секој од овие погоре опишани акти треба уредно да бидат доставени до субјектот на надзорот, а доставата се врши преку трето лице – пошта, инспекторот нема влијание врз времетраењето на доставата, што дополнително ја одолговлекува инспекциската постапка.

## ПОСТАПКА ЗА МЕРЕЊЕ НА БУЧАВА КОЈА ЈА СПРОВЕДУВА ОПШТИНСКИОТ ИНСПЕКТОР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Доколку општинскиот инспектор за животна средина прими иницијатива за вршење на инспекциски надзор, според која се бара да биде измерена бучавата од некој угостителски локал како и од било кој друг извор на бучава, општинскиот инспектор праќа барање до овластена фирма за мерење на бучава која е избрана на тендер кој го распишала Општина Карпош.

Мерењето на бучава се врши во присуство на општинскиот инспектор за животна средина во терминот договорен со барателот и фирмата.

Она што е важно да се забележи е дека мерењето на бучава се врши на три мерни места во станот или во просториите на пријавителот, со затворени прозорци. По извршеното мерење овластената фирма составува извештај за извршено мерење на бучава и истото го доставува до инспекторот.

## „АЈДЕ ДА ИГРАМЕ ШАХ“

**Градоначалникот Стевчо Јакимовски им честиташе на наставникот по шах ИМ Орце Данчевски и на ПОУ „Јахја Кемал“ за добиената златна награда од ФИДЕ за имплементирање на шах во училишната програма, што претставува највисоко глобално признание од Светската шаховска федерација. На средбата, претставниците од училиштето и интернационалниот мајстор Данчевски му се заблагодарија на градоначалникот за долгогодишната искрена и несебична поддршка за развојот на шахот во општината, благодарение на што во изминатите години општина Карпош стана вистински расадник на млади шаховски таленти. Златната награда од ФИДЕ е доделена на училиштето поради највисоко бодување на програмата за работа, материјалите и сеопфатноста во предавањата, интегрирање на шахот во образовната програма севкупно, висококвалификувани инструктори по шах, промоција на шаховските настани со медиумска покриеност како и промоција на социјална инклузија, финансирањето на шахот преку училишниот буџет. Јакимовски се договори со претставниците од училиштето Јахја Кемал нивниот проверен „рецепт“ за откривање и развој на млади шаховски таленти од идната учебна година да почне да се применува и во десетте општински училишта во Карпош со што оваа игра би станала уште подостапна за учење за сите деца во Карпош и тоа по највисоки светски стандарди. Наставникот Данчевски му подари на градоначалникот Јакимовски примерок од неговата книга „Ајде да играме шах“, која е прва илустрирана книга за шах во Македонија. Оваа книга која е спој на елементи од сликовница и енциклопедија претставува „буквар“ за младите шахисти, и е наменета за да им се дава поддршка на децата што побрзо да ја засакаат оваа игра, а на родителите да ги разберат придобивките од истата. Истовремено, во „Ајде да играме шах“ наставниците имаат одлично помошно средство во наставата.**



## „АЈДЕ ДА ИГРАМЕ ШАХ“

**Градоначалникот Стевчо Јакимовски им честиташе на наставникот по шах ИМ Орце Данчевски и на ПОУ „Јахја Кемал“ за добиената златна награда од ФИДЕ за имплементирање на шах во училишната програма, што претставува највисоко глобално признание од Светската шаховска федерација. На средбата, претставниците од училиштето и интернационалниот мајстор Данчевски му се заблагодарија на градоначалникот за долгогодишната искрена и несебична поддршка за развојот на шахот во општината, благодарение на што во изминатите години општина Карпош стана вистински расадник на млади шаховски таленти. Златната награда од ФИДЕ е доделена на училиштето поради највисоко бодување на програмата за работа, материјалите и сеопфатноста во предавањата, интегрирање на шахот во образовната програма севкупно, висококвалификувани инструктори по шах, промоција на шаховските настани со медиумска покриеност како и промоција на социјална инклузија, финансирањето на шахот преку училишниот буџет. Јакимовски се договори со претставниците од училиштето Јахја Кемал нивниот проверен „рецепт“ за откривање и развој на млади шаховски таленти од идната учебна година да почне да се применува и во десетте општински училишта во Карпош со што оваа игра би станала уште подостапна за учење за сите деца во Карпош и тоа по највисоки светски стандарди. Наставникот Данчевски му подари на градоначалникот Јакимовски примерок од неговата книга „Ајде да играме шах“, која е прва илустрирана книга за шах во Македонија. Оваа книга која е спој на елементи од сликовница и енциклопедија претставува „буквар“ за младите шахисти, и е наменета за да им се дава поддршка на децата што побрзо да ја засакаат оваа игра, а на родителите да ги разберат придобивките од истата. Истовремено, во „Ајде да играме шах“ наставниците имаат одлично помошно средство во наставата.**

